Врз основа на член 3 од Одлуката за основање на Совет за волонтерство на Општината Битола (Службен гласник на општината Битола бр.8, година XLIX), Советот за волонтерство на Општината Битола на седницата одржана на ________2018 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
на Совет за волонтерство на Општина Битола

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник поблиску се уредуваат определени прашања поврзани со работата на Советот за волонтерство (во понатамошниот текст Советот за волонтерство), начинот на конституирање на Советот за волонтерство, изборот на претседател на Советот за волонтерство на општина Битола и неговиот заменик, правата, обврските и одговорностите на членовите на Советот за волонтерство, начинот и постапката на донесување на актите на Советот за волонтерство, свикувањето, работата и текот на седниците и други прашања кои се значајни за работата на Советот за волонтерство.

Член 2

Советот за волонтерство е советодавно работно тело на Советот на Општина Битола кој се основа со цел да работи на зголемување на младинско учество во локалната заедница, преку волонтерство и препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво.

Член 3

(1) Советот за волонтерство работи на седници**.**

(2) Седниците на Советот за волонтерство се јавни.

(3) Средствата за јавно информирање може да присуствуваат на седницата на Советот за волонтерство, но не смеат да ја попречуваат неговата работа.

(4) Во работата на Советот за волонтерство службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 4

(1) Конститутивната седница на Советот за волонтерство ја свикува и со неа раководи најстариот по возраст член, до изборот на претседател. Советот за волонтерство е конституиран со изборот на претседател.

(2) Претседателот на Советот за волонтерство и неговиот заменик се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот за волонтерство.

Член 5

(1) Советот за волонтерство донесува одлуки и акти врз база на правата и овластувањата утврдени со Одлуката за формирање на Советот, ги потпишува претседателот на Советот за волонтерство, а ги верификува претседателот на Советот на Општина Битола.

(2) Одлуките и другите акти се чуваат во архивата на општината.

## III. НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 6

Советот за волонтерство во Општината ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Советот за волонтерство;
- донесува Деловник за работа на Советот за волонтерство;
- го избира и разрешува претседателот на Советот за волонтерство.
- дава предлог до Советот на Општина Битола за разрешување на член на Советот за волонтерство и пред истекот на мандатот на лично барање, ако престане да ги исполнува условите за членство, ако неоправдано отсуствува од три последователни седници на Советот за волонтерство и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци;
- поднесува предлози до Советот на Општина Битола за идентификувани проблеми поврзани со волонтерството на локално ниво и начини за нивно решавање;
- поднесува предлози до Советот на Општина Битола за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на волонтерството на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми, и други акти кои се во надлежност на советот на Општина Битола, а кои ги засегаат волонтерите на локално ниво;
- изработува извештаи до надлежните органи за програмите за волонтерство, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите со волонтерството, со цел подобрување на состојбата на волонтирањето на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за волонтерство;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со волонтерството;
- информира и промовира за активностите на Советот за волонтерство;
- поттикнува соработка со волонтерски организации од други градови на Република Македонија и странство;
- врши други работи.

## IV.ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 7

(1) Членовите на Советот за волонтерство ги добиват материјалите за темите кои се на дневен ред на седницата на Советот за волонтерство два дена пред одржувањето.

(2) Членот на Советот за волонтерство има право и должност да присуствува на седниците на Советот, како и да учествува во неговата работа и во одлучувањето.

(3) Членот на Советот за волонтерство има право да даде предлог до Советот за разрешување на член на Советот за волонтерство, врз основа на член 6 од Деловникот.

(4) Членот на Советот за волонтерство има право да побара од општинските служби помош во извршувањето на неговата работа за поголем квалитет во работата.

## V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО И НЕГОВИОТ ЗАМЕНИК

Член 8

(1) Советот за волонтерство има претседател и заменик претседател.

(2) Претседателот и замeникот претседател на Советот за волонтерство се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(3) Претседателот го застапува и претставува Советот за волонтерство.

(4) Претседателот на Советот за волонтерство ги свикува и раководи со седниците на Советот за волонтерство во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот за волонтерство.

(5) Во отсуство или спреченост на претседателот, неговите обврски ги извршува заменик претседателот.

(6) Мандатот на претседателот на Советот за волонтерство и неговиот заменик е 2 години, без право на повторен избор во согласност со Статутот на Општина Битола и Одлуката за основање Совет за волонтерство на Општина Битола.

## VI. СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

Член 9

(1) Советот за волонтерство одржува редовни седници по потреба, најмалку шест пати годишно.

(2) Седниците на Советот за волонтерство ги свикува Претседателот.

(3) Претседателот на Советот за волонтерство може да свика и вонредна седница на сопствена иницијатива, а должен е да свика седница и на барање на најмалку една третина од членовите на Советот за волонтерство, во рок од 15 дена од приемот на предлогот.

Член 10

(1) Седниците на Советот за волонтерство се свикуваат писмено.

(2) За текот на седниците се составува записник.

(3) Поканата за седниците и сите материјали кои се однесуваат на предлог дневниот ред им се доставуваат на членовите на Советот за волонтерство најмалку два дена пред одржување на седницата.

(4) Поканата и материјалите, исто така, можат да бидат доставени и по електронски пат.

### 1. Дневен ред

Член 11

(1) Дневниот ред на седниците го предлага претседателот на Советот за волонтерство.

(2) Во предлог дневниот ред се внесуваат сите предлози кои се дадени од страна на членовите на Советот за волонтерство или овластените предлагачи.

(3) Дневниот ред на седниците се утврдува на почетокот на седницата.

(4) Претседателот на седницата може да побара измена на дневниот ред или некоја точка да се изостави.

(5) Измена на дневниот ред може да побара и член на Советот за волонтерство.

(6) Измените треба да бидат ставени на гласање. Истите стануваат составен дел на дневниот ред доколку бидат изгласани со мнозинство од присутните членови на Советот за волонтерство.

(7) Доколку се предлага дополнување на дневниот ред, мора да се обезбеди и материјал за дополнетата точка.

(8) Откако дневниот ред ќе се утврди, претседателот го објавува истиот.

Член 12

(1) Со седниците на Советот за волонтерство претседава Претседателот, а во негово отсуство неговиот заменик.

(2) Во работата на седницата на Советот за волонтерство можат да учествуваат членовите на Советот за волонтерство и други лица кои ги поканил Претседателот на Советот, со претходно известување на Советот за волонтерство.

(3) Член на Советот за волонтерство може да зборува за секоја точка поодделно само по пет минути и со право на реплика.

**2. Тек на седницата**

Член 13

(1) По отворањето на седницата, а пред утврдување на дневниот ред Претседателот на Советот за волонтерство го утврдува бројот на присутни на седницата и утврдува записничар согласно член 16, став 8 од Деловникот.

(2) Ако Претседателот утврди дека на седницата нема кворум за работа, тој ја одложува седницата за друг ден и време.

(3) Седницата ќе се прекине и одложи и во случај кога за време на седницата ќе се утврди дека нема кворум за работа на Советот за волонтерство.

**3. Одлучување**

Член 14

(1) За донесување на одлуки или други акти на седниците на Советот за волонтерство потребно е присуство на мнозинство членови.

(2) Одлуките и актите Советот за волонтерство ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот за волонтерство со право на глас.

**4. Гласање**

Член 15

(1) Гласањето на седниците е јавно.

(2) Јавното гласање се спроведува со кревање на рака. Членовите се изјаснуваат „за“, „против“ и „воздржан“.

(3) Кај утврдувањето на дневниот ред се гласа со „за“ и „против“.

(4) Членовите ги прозива и гласовите ги пребројува претседателот.

(5) Претседателот на Советот за волонтерство ги објавува резултатите од гласањето.

**5. Записници**

Член 16

(1) За работата на седниците се води записник.

(2) Записникот содржи податоци за работата на седницата, ден, час и време на одржување на истата, предлози кои се поднесени, како и податоци за учеството во расправата на членовите на Советот за волонтерство и за донесувањето на одлуките.

(3) Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по одредени точки.

(4) Секој член на Советот за волонтерство има право на почетокот на седницата да ги изнеси забелешките на записникот од претходната седница.

(5) За записникот за кој нема забелешки, односно за записникот за кој се прифатени измените се смета за усвоен.

(6) Усвоениот записник го потпишува претседателот на Советот за волонтерство и лицето кое го води записникот.

(7) Записниците се чуваат во архивата на Општината.

(8) Записникот го води овластено лице од Општина Битола.

**6. Стенографски белешки**

Член 17

(1) За работата на седниците на Советот за волонтерство по потреба се водат стенографски белешки, а се обезбедува и тонско или видео снимање.

(2) Стенографските белешки, членовите на Советот за волонтерство може побараат да им се дадат на увид.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

За прашања кои не се уредени со овој Деловник ќе се применуваат одредбите од Деловникот за работа на Советот на Општина Битола.

Член 19

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на Советот на Општината, а се објавува во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. ______
_____2018 год.
Б и т о л а